АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
ОСИГУРУВАЊЕ ЕУРОЛИНК Скопје
**- Управен одбор -**
Број: 0202-12357/17
28.12.2020 година

Врз основа на член 31 од Статутот на Акционерското друштво за осигурување ЕУРОЛИНК Скопје, Управниот одбор на Друштвото на својата 100 -та редовна седница одржана на ден 28.12.2020 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за измени и дополнувања на Додаток за осигурување на надомест за операција како последица на несреќен случај или болест**

(1) Се вршат измени и дополнувања на Додатокот за осигурување на надомест за операција како последица од несреќен случај или болест, и тоа:

1. **Називот на** Додатокот за осигурување на надомест за операција како последица од несреќен случај или болест се менува така што сега гласи: „Додаток за осигурување на операција како последица од несреќен случај“;

2. **Во членот 1:**
   **2.1. Насловот** на членот се менува така што зборот „Општи“ се заменува со зборот „Воведни“;
   **2.2. Ставот (1)** се менува и гласи:
   „ Овој Додаток за осигурување на операција како последица на несреќен случај е составен дел на договорот за колективно осигурување на работници од последици на несреќен случај (незгода), што договарачот на осигурувањето го склучува со Акционерското друштво за осигурување Еуролинк Скопје (во натамошниот текст: осигурувач), врз основа на Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај и Дополнителните услови за колективно осигурување работници од последици на несреќен случај, со вклучен ризик од операција како последица на несреќен случај. “;
   **2.3. Ставот (2)** се менува и гласи:
   „Овој Додаток за осигурување на ризик од операција како последица на несреќен случај е составен дел и на договорот за приватно здравствено осигурување што договарачот на осигурувањето го склучува со осигурувачот, врз основа на услови за приватно здравствено осигурување со вклучен ризик од операција како последица на несреќен случај.“;

3. **Во членот 2:**

3.1. **Се додава наслов** на членот кој гласи: „Способност за осигурување“;
3.2. во одредбата од членот 2, се бришат зборовите: „надомест за“,„или болест“ и „член 2 од“, а на крајот на реченицата точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „ односно според условите за приватно здравствено осигурување.“

4. **Во членот 3:**
4.1. **Се додава наслов** на членот кој гласи: „Осигурен случај“;
4.2. **Во ставот (1),** се бришат зборовите „...за надомест...“, по зборот „хоспитализација“ се додаваат зборовите „подолго од 24 часа“ и се бришат зборовите „или болест“;
4.3. **Во ставот (2),** се бришат зборовите „Болестите од ставот 1 на овој член и“, а по зборот „лекување“ се додаваат зборовите „на повредите здобиени во несреќниот случај“;
4.4. Се додаваат два нови става, (3) и (4), со следниот текст и содржина:
„ (3) Под несреќен случај во смисла на овој Додаток се поразбира поимот на несреќен случај дефиниран во членот 5 од Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода).
(4) Осигуреникот има право на надомест на осигурената сума за операција само ако претходно е утврдено постоење на траен инвалидитет според Табелата за определување процент на траен инвалидитет како последица на несреќен случај од Општите услови.“;

5. **Во членот 4:**
5.1. **Се додава наслов** на членот кој гласи: „Обем на обврските на осигурувачот“;
5.2. **Во точка 1** од ставот (1), зборот „осигурен“ се челнува така што се додава „иот“, по зборот „колективно се додаваат зборовите „приватно здравствено“ и по зборот „осигурување“ се додава запирка и зборовите „односно од неговото стапување во колективно осигурување“;
5.3. **Во точка 2** од ставот (1), зборовите „или болест која настапила“ се заменува со зборовите „кој настанал “, зборовите „на траењето “ се бришат, по зборот „осигурување“ се додаваат зборовите „по полисата“ , зборовите „од неговото“ се заменуваат со зборот „пред“, по зборот „стапување“ се додаваат зборовите „на осигуреникот“, по зборот „колективно“ се додаваат зборовите „приватно здравствено“ и по зборот „ осигурување. “ се додава запирка и зборовите „односно пред стапување во колективното осигурување “;
5.4. **Во ставот (2), зборовите „целата осигурена“ се заменуваат со зборот „осигурената“ и на крајот на реченицата, по зборот „сума“ се додаваат зборовите „за случај ан операцијакако последица на несреќен случај“;**

6. **Во членот 5:**
6.1. **Се додава наслов** на членот кој гласи: „Намалување на осигурената сума за случај на смрт од несреќен случај“;

**6.2.** На почетокот на реченицата се додаваат зборовите „ Кај договорите за колективно осигурување работници од последици на несреќен случај со вклучен ризик од операција," се бришат зборовите „или болеста" на две места во текстот, се бришат зборовите „за надомест" на две места во текстот и зборовите „за осигурување на надомест за" се заменуваат со предлогот „на";

7. **Во членот 6:**
   **7.1. Се додава наслов** на членот кој гласи: „Обврски на осигурувачот";
   **7.2.** Во ставот (1), во првата реченица пред зборот „осигуреникот" се додаваат зборовите „Покрај оврските од соодветните услови за осигурување,..", во точката 3 се бришат зборовите „до тогаш", зборот „лечел" се заменува со зборовите „ лекувал, како и кај матичниот лекар" и зборот „болести" се заменува со „операцијата";

8. **Во членот 7:**
   **8.1. Се додава наслов** на членот кој гласи: „Примена на условите за осигурување";
   **8.2. Одредбата** се менува со две нови одредби, во два става, така што гласи:
   „(1) Овој Додаток важи заедно со Општите услови за осигурување лица од последици на несреќен случај и Дополнителните услови за колективно осигурување на работници од последици на несреќен случај, а во случај на несовпаѓање или спротивност на некоја одредба со одредбите од Општите услови или од Дополнителните услови се применува одредбата од од овој Додаток.
   (2) Овој Додаток важи заедно со членот 5 од Општите услови за осигурување лица од последици на несреќен случај, Табелата за определување на процент на траен инвалидитет како последица на несреќен случај и Посебните услови за колективно приватно здравствено осигурување или со Посебните услови за семејно приватно здравствено осигурување, а во случај на несовпаѓање или спротивност на некоја одредба со одредбите од соодветните Посебни услови се применува одредбата од овој Додаток."

(2) Се задолжува Секторот за правни работи и усогласување со закони да изготви пречистен текст на Додатокот за осигурување на надомест за операција како последица од несреќен случај или болест.

(3) Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и се применува од 01.01.2021 година.

**УПРАВЕН ОДБОР**
Претседател
*м-р Марија Томеска*